09 - 2199/1
17 -06- 2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси, на продолжението на 49 - та седница одржано на ден 08.06.2021 година ДКСК донесе

**Одлука**

СЕ ОТФРЛА пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-1285/1 од 22.02.2020 година, доставена од непознат подносител против службеното лице ---------, директор на --------------. ДКСК нема елементи за надлежно постапување поради промена на фактичката состојба.

Предметот со бр. 09-1285/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1285/1 од 22.02.2020 година е оформен врз основа на анонимна пријава, со наводи дека -----------, директор на ------------- има добиено стипендија од британската влада за докторски или мастер студии во траење од една година, но во исто време продолжил да прима плата за редовен работен однос од -----------. Платата за вработените од оваа агенција, како и други документи се праќале по брза пошта за потпис во државата каде истиот престојувал подолг период.

ДКСК направи увид во базата на поднесени анкетни листови и изјави за интереси, по што констатира дека службеното лице ---------- не ја извршува повеќе функцијата директор на ----------- од 22.10.2020 година, односно настанала промена на фактичката состојба и ДКСК нема елементи за надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
м-р Шемши Салаи**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk